**ДП. бр. 326**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), , постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-285 од Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Н. И., на ден 31.07.2012 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Н.И. од Битола за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување

ЗАТОА ШТО врз основа на две барања за извршување поднесени од доверителот Љ.Д. од Битола, преку полномошник И.К. адвокат од Битола, засновани на иста извршна исправа пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола, извршителот наместо да заведе еден предмет таа ги поделила обврските од исправата и завела два извршни предмети

со кои дејствија извршителот постапил спротивно на чл. 5 од ЗИ и сторил дисциплинска повреда "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон " па согласно чл. 54-б став 2 од ЗИ и се изрекува парична казна во висина од 1500 евра.

**II.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Н.И. од Битола за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување

ЗАТОА ШТО по предметот И.бр.955/08 не постапила по барањето за извршување од доверителот за спроведување на извршување спрема солидарните должници 1. ДООЕЛ А.Б. и 2. Т.Х. од Битола, бидејќи не донела налог спрема солидарниот должник ДООЕЛ А. Битола

со кои дејствија извршителот постапил спротивно на чл.207 од ЗИ со што сторил дисциплинска повреда "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон" па согласно 54-б став 2 и се изрекува парична казна во висина од 1500 евра .

III.

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Н.И. од Битола за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 2 од Закон за извршување

ЗАТОА ШТО не постапил по Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 од 27.05.2011 година на Основен суд Битола со кое налогот за извршување И.бр.955/08 од 06.05.2011 година е ставен вон сила. Извршителот продолжил со преземање на извршни дејствија и

на ден 04.06.2011 година издал налог за извршување И.бр.955/08 по чл.157 со кој налог врши пристапување кон извршување по предмет И.бр.953/08 кај извршител Н.И.

со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ па согласно 54-б став 2 од ЗИ и се изрекува парична казна во висина од 1500 евра .

IV.

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Н.И. од Битола за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 2 од Закон за извршување

ЗАТОА ШТО не постапил по решение ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 година на Основен суд Битола, со кое се става вон сила налогот за извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година, и наместо да постапи по решението на судот и да поднесе барање за бришење на прибелешката на налогот И.бр.955/08 од Агенција за катастар, извршителот донел Заклучок врз основа на чл. 29 ст. 1 од ЗИ И.бр.955/08 од 20.09.2011 година со кој се прекинува извршувањето по налогот И.бр.955/08 од 03.02.2009 година издаден врз основа на чл.109 од ЗИ спрема должникот Х.Т. од Битола за забрана на побарување на должникот во банка или штедилница

со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ па согласно 54-б став 2 од ЗИ и се изрекува парична казна во висина од 1500 евра .

V.

Со примена на одредбите од Кривичниот законик за ублажување на казна на извршителот Н.И. од Битола и **СЕ ИЗРЕКУВА** единствена парична казна во висина од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување

VI.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Н.И. од Битола утврдената парична казна во став 5 од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-285 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршител Н.И. од Битола врз основа на извештај за спроведен редовен надзор врз работата на извршителот бр. 09-285. Предлогот се поднесува со наводи дека извршител Н.И., вршејќи ја извршителската

должност по предмет И.бр.953/08 и предмет И.бр.955/08 сторила дисциплински повреди по чл. 54-д став 1 алинеја 2 од ЗИ “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ и чл.54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон. “

Предлагачот наведува во предлогот дека врз основа на две барања за извршување поднесени од доверителот Љ.Д. од Битола, преку полномошник И.К. адвокат од Битола, засновани на иста извршна исправа пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола, извршителот наместо да заведе еден предмет таа ги поделила обврските од исправата и завела два извршни предмети. Предлагачот смета дека со заведувањето на двата предмети за еден извршен наслов извршителот постапил спротивно на чл. 5 од ЗИ со кој е предвидено дека: „ Извршувањето заради остварување на парично побарување не може да се спроведе врз предмети или врз права кои се нужно неопходни за задоволување на основните животни потреби на должникот и на лицата кои тој според законот е должен да ги издржува, или за вршење на самостојна дејност која е должников главен извор на средствата за живот. При спроведување на извршувањето извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот. “ Со што предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда предвидена со чл. 54-д став 1 алинеа 5 од ЗИ, т.е дека при извршувањето преземал дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон.

Понатаму, предлогот е со наводи кои го товарат извршителот дека сторил дисциплинска повреда на начин што по предметот И.бр.955/08 не постапила по барањето за извршување од доверителот за спроведување на извршување спрема солидарните должници 1. ДООЕЛ А. Битола и 2. Т.Х. од Битола, бидејќи не донела налог спрема солидарниот должник ДООЕЛ А. Битола што е спротивно на чл.207 од ЗИ со што сторил дисциплинска повреда “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ по чл.54-д ст.5 од ЗИ.

Предлагачот наведува дека извршителот не постапил по Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 од 27.05.2011 година на Основен суд Битола со кое налогот за извршување И.бр.955/08 од 06.05.2011 година е ставен вон сила. Извршителот продолжил со преземање на извршни дејствија и на ден 04.06.2011 година издал налог за извршување И.бр.955/08 по чл.157 со кој налог врши пристапување кон извршување по предмет И.бр.953/08 кај извршител Н.И., со што предлагачот смета дека сторил дисциплинска повреда “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ согласно чл. 54-д став 1 алинеа 2 од ЗИ.

Предлогот е со наводи дека извршителот не постапил и по решение ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 година на Основен суд Битола, со кое се става налогот за

извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година, и наместо да постапи по решението на судот и да поднесе барање за бришење на прибелешката на налогот И.бр.955/08 од Агенција за катастар, извршителот донел Заклучок врз основа на чл. 29 ст. 1 од ЗИ И.бр.955/08 од 20.09.2011 година со кој се прекинува извршувањето по налогот И.бр.955/08 од 03.02.2009 година издаден врз основа на чл.109 од ЗИ спрема должникот Х.Т. од Битола за забрана на побарување на должникот во банка или штедилница, па на овој начин се смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ по чл. 54-д ст. 1 алинеја 2 од ЗИ.

Извршителот Н.И. од Битола во писмен одговор од 13.06.2012 година, дополнение на одговор од 16.07.2012 и во своја одбрана на главен претрес ги одби како неосновани наводите од Предлогот на Министерот за правда наведувајќи дека од страна на полномошникот на доверителот биле поднесени две барања за извршување со одвоени износи кои се побаруваат на име долг од причина што обврските во извршниот наслов се поделени и издвоени за секој должник поединечно. Извршителот наведува дека примил две барања и завел два предмети затоа што не постоеле услови за одбивање кои се предвидени согласно член 3 став 2 од ЗИ, па извршителот немал законска можност да одбие едно од двете барања за извршување. Понатаму, наведе дека се неосновани наводите за постапување спротивно на чл. 5 од ЗИ, кој член се однесува на заштита на странките, односно за водење сметка за личноста на должникот, од причина што извршителот при постапување по предметите во ниеден момент не опфатил предмети и права кои се нужно неоходни за задоволување на основните животни потреби на должникот, односно извршителот во ниеден момент не презел дејства со кои би го повредил достоинството на доверителот. Извршителот истакна и дека ниту самите странките во претставката не се повикуваат на ваков тип на повреда на извршителот предвидена со овој член од законот.
Во поглед наводите Предлогот за постапување спротивно на член 207 од ЗИ, извршителот истака дека во Предлогот е погрешно наведен бројот И.бр.955/08 на предметот бидејќи по барање за извршување против солидарните должници се спроведува извршување по предмет И.бр. 953/08, во кој предмет извршителот нема издадено налог против првонаведениот солидарен должник ДООЕЛ А. Битола од причина што станувало збор за платежно неспособен должник за кој извршителот имал сознанија бидејќи истиот се јавувал како должник предходно и во повеќе други предмети кај извршителот по кои се уште не е реализирано извршувањето. Во прилог на истото извршителот во своја одбрана се повика на Известување од НЛБ Тутунска банка АД Скопје бр.1711-6428 од 12.06.2012 година, видно од кое сметката на ДООЕЛ А. Битола е блокирана од 21.09.2007 година со 28 блокади.

Во поглед на наводите за постапување спротивно на чл. 207 од ЗИ извршителот истакна дека станува збор за одредби кои се однесуваат само на должници правни лица а во предметниот случајот станува збор за еден солидарен должник-правно лице и за еден солидарен должник -физичко лице, па оваа одредба е неприменлива случајот. Од друга страна бидејќи солидарниот должник-физичко лице веќе бил заведен како должник во повеќе предмети и во истите во целост извршителот му ја имал испитано имотната состојба и имал податок дека нема ников имот па заради економичност на постапката налогот бил  насочен спрема вториот солидарен должник.

По повод наводите од предлогот за непочитување на одлуките на судовите, извршителот истакна дека по добивање на Решението на судот ППНИ.бр.312/11 од ППНИ.бр.313/11 го издал Налогот за извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година со цел пристапување кон веќе започнато извршување кое е насочено кон недвижноста, заради реализирање на побарувањето, а воедно и од причина за намалување на трошоците на постапката. Извршителот наведе дека истите се неосновани и бидејќи по добивање на судската одлука ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 година тој не можел да поднесе барање за бришење на прибелешка до АКН од причина што катастарот ја немал ни упишано прибелешката по Налог И.бр.955/08 од 04.06.2011 година во јавната книга. Во прилог на наведеното извршителот посочи Уверение за историски преглед на извршени запишувања за КП.бр.________ за КО Битола 3 бр.1107-1107 од 12.06.2012 година. Во врска со наводите кои се однесуваат на издавањето на Заклучокот од 20.09.2011 година со кој се прекинува извршувањето по предмет И.бр.955/08, извршителот  истакна дека станува збор за деблокирање на трансакциска сметка на должникот, во кој налог од техничка грешка е наведено прекин наместо застанување и дека сметката е деблокирана од страна на извршителот од причина што извршителот Ж П. ја известил извршител Н.И. дека таа веќе започнала со спроведување на извршување врз 1/3 на платата на должникот на неговото ново работно место па сметката било неопходно да биде одблокирана земајќи ги предвид ограничувањата од чл.105 од ЗИ. Извршителот на главен претрес истакна и дека  по прием на одлуките на првостепениот суд постапила превентивно и во рамки на почитување на одлуката на претседателот бил чекан исход од поднесена жалба, а по решението од Апелациониот суд било постапено согласно насоките. Извршителот истакна и дека овој Заклучок не е нападнат со приговорот на странката поднесен до Министерството за правда.
Извршителот во својa одбрана наведе дека должникот Т.Х. во целост го исплатил побарувањето према доверителот, откако предходно од страна на извршителот, а по негово барање, прибелешката во имотниот лист каде е опишана недвижноста врз која бил насочен налогот за извршување И.бр.955/08, била повлечена од АКН, по што од страна на должникот Т.  лично била извршена продажба на неговата недвижност и долгот платен према доверителот. Извршителот наведе дека ниту има штетни последици со нејзиносто постапување нити се сторени непотребни трошоци во рамки на извршувањето по двата налози, бидејќи фактички со пристапување кон извршување

И.бр.953/08 се кумулирале трошоците за извршување, така што постапката била водена во смисла на поповолна состојба на должникот, а согласно со чл. 5 ст.2 од ЗИ, и фактички се направени трошоци за извршување како по еден налог за извршување односно како по еден предмет.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 27.07.2012 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09-285 од 29.05.2012 година ;
Известување бр.1711-6428 од 12.06.2012 од Тутунска банка АД;
Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КП.бр.________ КО Битола од АКН бр.1107-1107/2012 од 12.06.2012 година;
Детален преглед на податоци (Имотен лист бр._______) од 12.06.2012 година;
Налог за извршување И.бр.953/08 од 06.05.2011 година по чл. 154 од ЗИ;
Доставница И.бр.953/08 од 11.05.2011 година;
Налог за извршување И.бр.955/08 од 06.05.2011 година по чл. 154 од ЗИ;
Доставница И.бр.955/08 од 11.05.2011 година;
Приговор до Претседател на ОС Битола од 12.05.2011 од А.С.;
Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ бр.313/11 од 27.05.2011 година на ОС Битола;
Налог за извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година по чл. 157 од ЗИ;
Барање известување НП.бр.2337/11 од 29.07.2011 година;
Известување до Народен правобранител од 05.08.2011 година;
Решение ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 на ОС Битола;
Поднесок од 11.08.2011 од Н.И. извршител од Битола;
Заклучок за прекинување на извршување И.бр.955/08 од 20.09.2011 г:
Копие од повратница за достава на Заклучок за прекинување на извршување И.бр.955/08 од 22.09.2011 година;
Извештај УПП.бр.09-285 од 23.03.2012 година на Министерство за правда;
Жалба од должник Т.Х. од Битола од 06 јуни 2011 година;
Барање И.бр.953/08 од 09.05.2011 година од извршител Н.И.;
Известување И.бр.953/08 од 15 јуни 2011 година од извршител Н.И.;
Доставница И.бр.953/08 од 14.06.2011 година од извршител Н.И.;
Договор за доживотно догледување од 28.11.2007 година;
Известување, барање И.бр.952/08 од Љ.Д. од 20 март 2009 година;
Налог за извршување И.бр.953/08 од 25.08.2008 година од извршител Н.И.;
Решение ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 година на ОС Битола ;
Службена белешка И.бр.953/08 од 26.08.2008 година од извршител Н.И.;
Барање за извршување од Адвокат И.К. од Битола од 25 август 2008 г

Полномошно од Љ.Д. од Битола;
Налог за извршување И.бр.955/08 по чл. 86 став 1 од ЗИ од 25.08.2008 година од извршител Н.И.;
Службена белешка И.бр.955/08 од 26.08.2008 година од извршител Н.И.;
Барање по чл. 41 ст.1 од ЗИ И.бр.955/08 од извршител Н.И.;
Известување бр.03-62 од 09.10.2008 година од Агенција за вработување;
Налог И.бр.955/08 од 03.02.2009 година по чл. 109 од извршител Н.И.;
Одговор на барање од Тутунска банка АД Скопје бр.1409/576 од 09.02.2006 ;
Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 од 27.05.2011 година на Основен суд Битола;
Барање за извршување од 25 август од адвокат И.К. од Битола;
Пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител Н.И., вршејќи ја извршителската дејност, на ден 25.08.2008 примила барање за извршување поднесено од доверителот Љ.Д. од Битола, преку полномошник И.К. адвокат од Битола, против солидарните должници ДООЕЛ А. од Битола и Т.Х. од Битола засновано на извршна исправа пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола, потврдена со пресуда Гж.бр.851/2008 од 23.06.2008 година, врз основа на кои извршителот оформил предмет И.бр.953/08 за наплата на парично побарување во износ од ________,00 денари со камата и трошоци.

Извршителот на ден 25.08.2008 примила барање за извршување поднесено од доверителот Љ.Д. од Битола, преку полномошник И.К. адвокат од Битола, против должник Т.Х. засновано на извршна исправа пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола, потврдена со пресуда Гж.бр.851/2008 од 23.06.2008 година, врз основа на кои извршителот оформил предмет И.бр.955/08 за наплата на парично побарување во износ од_______,00 денари со камата.

Извршителот издал Налог за извршување И.бр.953/08 по член 86 став 1 од ЗИ на ден 25.08.2008 година против должник Т.Х., на ден 06.05.2011 издал налог за извршување И.бр.953/08 по чл. 154 од ЗИ доставен на ден 09.05.2011 до АКН Одделение Битола.

Извршителот издал налог за извршување И.бр.955/08 по член 86 ст.1 од ЗИ на ден 25.08.2008 година против должник Т.Х., на ден 03.02.2009 година извршителот издал Налог за извршување за забрана на побарувања од должникот во банка и штедилница врз основа на чл. 109 став 4,5 и 6 од Закон за извршување, со забрана на побарување што должникот Т.Х. го има во НЛБ Тутункса банка АД Скопје, на ден 06.05.2011 издал

налог за извршување И.бр.955/08 по чл. 154 од ЗИ доставен на ден 09.05.2011 до АКН Одделение Битола.

На ден 27.05.2011 година Основениот суд во Битола донел Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 со кое Налогот за извршување И.бр.953/08 од 06.05.2011 година останува во сила и Налогот за извршување И.бр.955/08 од 06.05.2011 година се става вон сила со образложение дека извршителот направила неправилност бидејќи наместо за една извршна исправа да заведе еден предмет на извршување таа ги поделила обврските кои потекнуваат од една извршна исправа и завела два извршни предмети.

На 04.06.2011 година извршителот издал налог за извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година за пристапување кон извршување врз основа на член 157 од ЗИ со кој налог пристапил кон извршувањето кое се спроведува по предмет И.бр.953/08.

Апелациониот суд во Битола на ден 23.06.2011 година донел Решение ГЖ.бр.1827/11 со кое го потврдува Решението ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 од 27.05.2011 година на Основен суд Битола со образложение дека се неосновани наводите на должникот од жалбата дека извршителот не се раководел од начелото за заштита на должникот по чл.5 в.в со чл.155 од ЗИ, при донесување на налогот за извршување врз недвижност бидејќи должникот за целиот период од поведување на извршувањето започнато од 2008 година до донесување на налогот во 2011 не се обидел во ниеден момент на извршителот да му понуди друго средство за извршување од кое би се намирил доверителот, па судот во својата одлука наведува дека заклучил да целта на приговорот на должникот било само одолговлекување на постапката.

На ден 16.08.2011 година Претседателот на Основниот суд во Битола со Решение ППНИ.бр.449/11 Налогот за иаврдување И.бр.955/08 од 04.06.2011 го става вон сила.

На ден 20.09.2011 година извршителот донел Заклучок за прекин на извршувањето И.бр.955/08 врз основа на чл. 29 ст.1 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил повреда со тоа што врз основа на две барања за извршување поднесени од доверителот Љ.Д. од Битола, преку полномошник И.К. адвокат од Битола, засновани на иста извршна исправа пресуда П.бр.871/07 од 24.01.2008 година на Основен суд Битола, извршителот наместо да заведе еден предмет таа ги поделила обврските од исправата и завела два извршни предмети, понатаму во истите извршни предмети извршителот по предметот И.бр.955/08 не постапила по барањето за извршување од доверителот за спроведување на извршување спрема солидарните должници 1. ДООЕЛ А. Битола и 2. Т.Х. од Битола, бидејќи не донела налог спрема солидарниот должник ДООЕЛ А. Битола со кои дејствија извршителот постапил спротивно на чл.207 од ЗИ. Дисциплинската комисија утврди дека извршитлот не постапил по Решение ППНИ.бр.312/11 и ППНИ.бр.313/11 од

27.05.2011 година на Основен суд Битола со кое налогот за извршување И.бр.955/08 од 06.05.2011 година е ставен вон сила па извршителот продолжил со преземање на извршни дејствија и на ден 04.06.2011 година издал налог за извршување И.бр.955/08 по чл.157 со кој налог врши пристапување кон извршување по предмет И.бр.953/08 кај извршител Н.И., како и не постапил по решение ППНИ.бр.449/11 од 16.08.2011 година на Основен суд Битола, со кое се става вон сила налогот за извршување И.бр.955/08 од 04.06.2011 година, и наместо да постапи по решението на судот и да поднесе барање за бришење на прибелешката на налогот И.бр.955/08 од Агенција за катастар, извршителот донел Заклучок врз основа на чл. 29 ст. 1 од ЗИ И.бр.955/08 од 20.09.2011 година со кој се прекинува извршувањето по налогот И.бр.955/08 од 03.02.2009 година издаден врз основа на чл.109 од ЗИ спрема должникот Х.Т. од Битола за забрана на побарување на должникот во банка или штедилница, со што ги сторил дисциплинските повреди кои му се ставаат на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување и 54-в став 1 алинеја 2 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот, а како отежнителни околности тежината на дисциплинските повреди па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 31.07.2012 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Н.И. да плати на име парична казна износ во висина од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.